

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), во рамките на проектот „ Огледало на Владата “, од 2012 г. го следи Единствениот национален електронски регистер на прописи (ЕНЕР - www.ener.gov.mk).

На 25 декември 2014 г. е пуштен во употреба новиот ЕНЕР, на кој покрај новиот дизајн, е направено и техничко и содржинско унапредување.

Со цел да ја информираме јавноста за главните измени кои се направени на ЕНЕР подготвивме „ **Водич за новините на ЕНЕР** ”. Водичот ќе им послужи на сите корисници на ЕНЕР и како алатка за полесно толкување на информациите за статусот на одреден предлог-закон и за вклучување во процесот на консултации преку ЕНЕР.

Водичот е подготвен во рамките на Програмата на УСАИД за антикорупција, финансиран преку Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД). Програмата ја спроведува МЦМС.